ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

ТОП ВЕСТИ:

- Голема акција за пошумување: Се враќа миризбата на липите во Делчево
- Раната превенција на пожари-тема на Општинскиот штаб за заштита и спасување
- Денови на пијанечкиот мед: учениците учеа за значењето на пчеларството
- Јавна трибина:„Не молчи твојот глас може да прекине насилство“


ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР

# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 50 МАРТ 2026


## Голема акција за пошумување: Се враќа миризбата на липите во Делчево



### Раната превенција на пожари -тема на Општинскиот штаб за заштита и спасување



### Денови на пијанечкиот мед: учениците учеа за значењето на пчеларството



### Јавна трибина:„Не молчи твојот глас може да прекине насилство“




Општина Делчево
Ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1
tel. +38933411550
web: delcevo.gov.mk
email: info@delcevo.gov.mk

# Седма седница на Советот на Општина Делчево

Советот на Општина Делчево ја одржа 7 Седница на која се расправаше и се донесоа акти по 30 точки предложени на Дневниот ред за Седницата. На Седницата, советниците **не ги поддржаа** предлог-одлуките за давање согласност на Одлуката за утврдување тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Брегалница“-Делчево за регулиран период 2025-2027 од Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“-Делчево и за давање согласност на Одлуката утврдување тарифа за собирање и одведување урбани отпадни води на ЈКП „Брегалница“- Делчево за регулиран период 2025-2027 од Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“-Делчево.
На Советот се донесоа и следните одлуки:

**Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари-службени простории** на Министерството за внатрешни работи. Со оваа Одлука на Министерството за внатрешни работи се даваат на трајно користење 6 службени простории сопственост на Општина Делчево на ул. „М.М.Брицо“ бб (КП бр.7132) за извршување редовни надлежности на нивните управни служби во Делчево.
**Советот донесе Одлука за донација на парични средства на ПАКОМАК ДОО Скопје** како поддршка на проект од јавен интерес „Паметно управување со отпад од пакување во Македонија, фаза 2” со што Општина Делчево го започнува процесот за поставување вендинг-машини за собирање пластични шишиња и алуминиумски лименки и, конкретно, ги поттикнува навиките кај населението за селектирано собирање на отпадот од пакување и негово рециклирање, како и подигнување на еколошката свест за бенефитите од селекцијата и рецклирањето во насока на заштитата и унапредувањето на животната средина. При користењето на повратните вендинг-машини од страна на корисниците, за секое поединечно користење се акумулираат „зелени поени“ на мобилна апликација, која корисницитеможе да ја користат за вредносни ваучери за купување производи. Согласно со донесената Одлука, Општина Делчево ќе донира на ПАКОМАК ДОО Скопје 100.000,оо денари, како поддршка на Проектот од јавен интерес „Паметно управување со отпад од пакување во Македонија, фаза 2”со цел поддршка и вклучување на Општина Делчево во проектот од јавен интерес.
**Одлука за приоритетен предлог за проект** за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој- Со оваа Одлука се дава приоритет и се утврдува намената на проектот **„Реконструкција на улица Мито Хаџивасилев – Јасмин и јавен паркинг“.** Проектот ќе биде поднесен до Министерството за локална самоуправа, Биро за регионален развој, а по Програмата за рамномерен регионален развој за 2026 година, Проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој. Проектираната инвестиција со вклучен ДДВ изнесува 3 810,246, 00 денари. За реализација на проектот „Реконструкција на улица Мито Хаџивасилев – Јасмин и јавен паркинг“. потребно е да се обезбеди учество од Буџетот на Општина Делчево од 10%. Средствата потребни за реализација на проектот ќе се обезбедат од Министерството за локална самоуправа-Биро за регионален развој, а по Програмата за рамномерен регионален развој за 2026 година, Проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој.
**Одлука за приоритетен предлог за проекти** за ПРОГРАМА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ДИСПАРИТЕТИТЕ МЕЃУ И ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНАТА КОНКУРЕНТНОСТ ЗА 2026 ГОДИНА- Со оваа Одлука се дава приоритет и се утврдува намената на проектот **„Изградба на детско игралиште во Спортски центар Делчево“ и набавка на риквизити за детски игралишта и спортски терени во Делчево.**

Совет на Општина Делчево

Совет на Општина Делчево

Проектот ќе биде поднесен до Министерството за локална самоуправа, а проектираната инвестиција со вклучен ДДВ изнесува 4.200, 000.00 денари. За реализација на проектот е потребно да се обезбеди учество од Буџетот на Општина Делчево од 12%. Средствата потребни за реализација на проектот ќе се обезбедат од Министерството за локална самоуправа- Програма за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2026 година.

Одлука за приоритетен предлог -проект за развој на подрачјата со специфични развојни потреби - Со оваа Одлука се дава приоритет и се утврдува намената на проектот **„Набавка на механизација за одржување на локалните патишта во села со специфични развојни потреби во Делчево“.** Проектот ќе биде поднесен до Министерството за локална самоуправа, Биро за регионален развој, а проектираната инвестиција со вклучен ДДВ изнесува 2.381,000.00денари. За реализација на проектот е потребно да се обезбеди учество од Буџетот на Општина Делчево од 10%. Средствата потребни за реализација на проектот ќе се обезбедат од Министерството за локална самоуправа-Биро за регионален развој, а по Програмата за развој на подрачјата со специфични развојни потреби за 2026 година.

**Одлука за отстранување хаварисани**, напуштени и нерегистрирани возила од јавните површини на Општина Делчево- Со оваа Одлука се уредуваат условите, постапката и начинот за идентификација, означување, отстранување и складирање хаварисани, напуштени и нерегистрирани моторни возила поставени на јавни површини на територијата на Општина Делчево. Под **хаварисани или напуштени возила** се подразбираат моторни возила кои:

се очигледно оштетени, нефункционални или без делови неопходни за нормално движење;

не се регистрирани подолг временски период;

се оставени на јавна површина спротивно на сообраќајните правила;

претставуваат закана за животната средина, безбедноста на граѓаните или го нарушуваат изгледот на јавниот простор.

Идентификацијата на хаварисаните и напуштените возила ја врши надлежната служба на Општина Делчево во соработка со Полициската станица Делчево. По утврдувањето, на возилото се поставува писмено **известување/стикер** со рок од **7 дена** за негово доброволно отстранување од страна на сопственикот. Доколку сопственикот на возилото не го отстрани возилото во оставениот рок, Општина Делчево ќе пристапи кон принудно отстранување со специјализирана служба. Отстранетите возила ќе се транспортираат и сместуваат во определен простор/депонија назначена од Општината. Сопственикот има право да го подигне возилото по претходна идентификација и по целосно подмирување на трошоците за подигање, транспорт и складирање. Доколку возилото не биде подигнато во рок од **180 дена** од денот на отстранувањето, Општината има право да постапи согласно со важечките закони за негово трајно отстранување или предавање на отпад. За спроведување на оваа Одлука надлежни се:

Одделението за инспекциски надзор на Општина Делчево и

Полициската станица Делчево.

Трошоците за постапката за отстранување паѓаат на товар на сопственикот на возилото. Ценовникот го утврдува општинската служба и се објавува јавно.

**Одлука за утврдување локација за поставување собирен центар за електричен и електронски** отпад- Со оваа Одлука, Советот на Општина Делчево утврдува локација за поставување собирен центар за електричен и електронски отпад со цел организирано и безбедно собирање, времено складирање и предавање отпадна електрична и електронска опрема. Собирниот центар ќе биде поставен на КП бр.7939/1 КО Делчево на стариот градски пазар и ќе служи за бесплатно предавање електричен и електронски отпад од домаќинства, како и отпад од правни лица согласно со законските услови. Отпадната опрема собрана одделно на определеното место, се предава на самостојниот постапувач, односно колективниот постапувач врз основа на склучен договор со градоначалникот на Општината. Општината ќе обезбеди:

уредување и обележување на просторот,

поставување соодветни садови/контејнери,

видеонадзор (доколку е потребно),

информирање на јавноста.

Совет на Општина Делчево

Собраниот отпад ќе се предава на овластен собирач/преработувач согласно со закон. Со управувањето ќе биде задолжен овластен колективен постапувач со кој Општината ќе склучи договор со кој ќе се регулираат и меѓусебните обврски и други прашања од интерес на договорните страни.

**Одлука за определување тарифи за вршење автотакси превоз на патници на подрачјето на Општина Делчево**. Со оваа Одлука се определуваат тарифите за вршење на автотакси превоз на патници во рамки на општината, како и тарифата за вршење на авто-такси превоз кон друга општина или градот Скопје. Тарифи за пресметување на цената за вршење на автотакси превозот се следниве:

**Тарифа 1.1дневна тарифа** (во рамки на општината) се определува:
Старт (почеток на превозот со вклучен 1км)......................70,00 денари
Изминат километар при возење........................................25,00 денари
Еден (1) час чекање............................................................300,00 денари

**Тарифа 1.2 ноќна тарифа од 22.00-05.00 часот и за време на празници и недела** (во рамки на општината) се определува:
Старт (почеток на превозот со вклучен 1км)......................90,00 денари
Изминат километар при возење........................................25,00 денари
Еден (1) час чекање............................................................300,00 денари

**Тарифа 2 (кон друга општина или градот Скопје)**се определува:
Старт (почеток на превозот со вклучен 1 км) ..................100,00 денари
Изминат километар .............................................................15,00 денари
Еден (1) час чекање............................................................300,00 денари

Цената за превозот се наплаќа врз основа на износот утврден со баждарен фискален апарат – таксиметар според утврдените тарифи во оваа Одлука. Превозникот е должен на видно место во возилото да ја истакне тарифата.

**Одлука за одобрување средства за подмирување трошоци за електрична енергија на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево** со која *се одобруваат финансиски средства во износ од* ***84.304*** *денари по барање на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево кои* ќе бидат наменети за подмирување на трошоците за електрична енергија на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за месец декември 2025 и јануари 2026. Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општината за 2026 година.

**Одлука за одобрување средства за подмирување трошоци за електрична енергија на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево** со која *се одобруваат финансиски средства во износ од* ***93.788*** *денари по барање на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево* кои ќе бидат наменети за подмирување на трошоците за електрична енергија на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за месец декември 2025 и јануари 2026. Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на Општината за 2026 година.

На Седницата, советниците донесоа и Одлука за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Берово за вршење на работи и работни задачи во надлежност на општината, Одделение за инспекциски надзор-инспекторат, Овластен инспектор за туристичка и угостителска дејност помеѓу Општина; Усвоен е Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Делчево поддршка на граѓанскиот сектор во 2025 година; Одлука за промена на назив на установа и скратен назив; Усвоен е Извештајот за спроведувањето на Програмата за јавна чистота за 2025 година со Предлог-Заклучок за усвојување; Одлука за финансиска поддршка на*Доброволна спасителска служба ОСОГОВО;* Одлука за финансиска помош на Данијела Ивановска; Одлука за финансиска помош на Драгана Ѓорѓиевска; Одлука за финансиска помош на Кирчо Ризов; Одлука за финансиска помош на Ѓорѓи Марковски; Заклучок во врска со Барање на МЗ Тработивиште бр.09-3087/1 од 31.12.2025; Одлука за давање согласност на Одлуката на Училишниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски“Делчево за отпис и расходување на електронски електричен отпад бр.02-71/4; Програма за активностите на месните и урбаните заедници на територијата на Општина Делчево за 2026 година; Програма за култура на Општина Делчево за 2026 година; Одлука за давање согласност на Програмата за работа на ЈКП „Брегалница“ за 2026 година; Одлука за измена на Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во ООУ „Ванчо Прке“ Делчево бр. 09-2013/1 од 29.08.2025 година; Одлука за финансиска помош на Демир Јашаров; Одлука за финансиска помош на Ерол Садулов; -Одлука за избор на член од Советот на Општина Делчево кој одлучува во случај на конфликт на интереси на Градоначалникот. Одлука за давање на согласност на Одлуката за утврдување на надоместоци за користење под закуп на пазарни тезги и деловни објекти на „Градски пазар во Општина Делчево“, донесена од Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“-Делчево.

Совет на Општина Делчево

***Донесен Заклучок за осуда на ширењето континуирани лаги и инсинуации и континуирани обиди за ширење паника кај граѓаните на Општина Делчево,***

Советот на Општина Делчево на Седницата со Заклучок кој беше ставен на Седницата на барање на градоначалникот Гоцевски, го осуди ширењето континуирани лаги и инсинуации и континуирани обиди за ширење паника кај граѓаните на Општина Делчево, а во врска со намерата на одреден деловен субјект за воспоставување постојка за стерилизација на медицински отпад.

Во Заклучокот се нагласува и дека:

2. Советот на Општина Делчево констатира дека ваквите дезинформации се шират свесно и континуирано, со цел создавање паника и чувство на несигурност кај граѓаните, што директно ја нарушува стабилноста и спокојството во локалната заедница и претставува нарушување на бизнис климата во Делчево;

3. Се утврдува дека со овој Заклучок се става крај на сите шпекулации, дезинформации и лажни сценарија поврзани со наводно воспоставување постојка за стерилизација на медицински отпад на територијата на Општина Делчево;

4.Овој Заклучок е јасна порака до граѓаните дека Советот на Општина Делчево и Општина Делчево стојат цврсто во заштитата на здравјето на граѓаните и заштитата на животната средина во општина Делчево;

5. Со цел целосна транспарентност и навремено информирање на јавноста, овој Заклучок ќе биде објавен на официјалната интернет страница на Општина Делчево, како и преку останатите официјални канали за комуникација на општината, заради целосно и точно запознавање на граѓаните со нивната содржина и со ставовите на Советот на Општина Делчево.

Пред усвојувањето на Заклучокот, градоначалникот Гоцевски во своето образложение остро се спротивстави на обидите на советникот Тони Стаменковски од политичката Партија Левица: да го руши угледот на Општина Делчево, да наштетува на стопанството и бизнис- климата во Општината, да шири несигурност и паника кај граѓаните на Делчево со крајна штета за цела општина.

-Додека сум јас градоначалник на Општина Делчево нема да дозволам во Делчево да се направи каков било преработувачки погон што е против законот и против здравјето и безбедноста на граѓаните на општина Делчево. Тоа е кажано повеќе пати од моја страна во директна комуникација со советникот Тони Стаменковски од Левица и беше изнесено повеќе пати во јавноста. По моја директна насока, а во широка соработка со бизнис- секторот во Делчево по долги плански активности и координација на сите надлежни органи, дадовме насоки за бришење на сите градежни парцели со намена Г1- тешка и загадувачка индустрија во рамки на постапката за донесување на новиот ГУП Делчево, нагласи Гоцевски.

Гоцевски истакна дека пред една година до Општина Делчево, Министерството за животна средина и просторно планирање, согласно со закон, има поднесено Барање за мислење во врска со НАМЕРА за иницијатива за воспоставување постојка за стерелизација на медицински отпад, а Општина Делчево експресно НЕГАТИВНО ОДГОВОРИЛА по однос на ова барање со аргументи и потпишани од пет службени лица и поранешниот градоначалник- зошто се издава НЕГАТИВНО мислење.

-И покрај сите овие аргиументи кои се јавно достапни, во недостиг на реална политичка понуда советникот на Левица, иако ја книжи 5-тата година во нашиот Совет, не може да се одлепи од политичкото дно и кал во која се наоѓа неговата фејсбук партија, па на ваков начин со ширење општа паника во јавноста сака политички да профитира преку ширење на манипулации во јавност, посочи Гоцевски.

Градоначалникот нагласи дека „во Делчево ќе се развива пазарна зелена економија, сервиси, услужни дејности и трговија, согласно закон, што како матрица можеби е несвојствено за левичарски ум кој сонува за некаква имагинарна револуција базирана на лаги и манипулации, во која несомнено сакаат преку вакви постапки да ја втурнат целата локална заедница“.

Актуелности

# Заврши изградба на ул „Драмечка



Во населба Басарица се изгради уште една улица. Улицата „Драмечка“ и крак од оваа улица со вкупна должина од 155 метри, добија асфалт и, конечно, жителите од оваа приградска населба рекоа збогум на калливите и прашливи улици и добија современа сообраќајница и урбан пристап до своите домови. Претходно на улицата се постави и подземна инсталација-атмосферска канализација. Финансиските средства за реализација на проектот се обезбедени од Министерството за транспорт на Република Македонија, во вкупен износ од 2.862.015,00 денари. Изведувач на градежните работи е компанијата ОСД КИРИЛ од Штип, а реализацијата на проектот е планирана да продолжи и во текот на 2026 година.

# Раната превенција на пожари-тема на Општинскиот штаб за заштита и спасување

Актуелности



Раната превенција од пожари на отворен простор беше тема на Состанокот на Општинскиот штаб за заштита и спасување. На Состанокот, надлежните инстиституции ги изнесоа анализите и видувањата со состојбата на пожарите на отворен простор во Делчево, информација од минатогодишната состојба со пожарите на отворен простор, увид на оперативните планови за заштита и спасување од пожари, но се дискутираше и за состојбата со силите за заштита и спасување од пожари на надлежните служби, но беше извршена и анализа на извршените подготовки и материјално-техничка опременост на надлежните за заштита на шумите и др. отворени простори од пожари.

Градоначалникот Гоцевски кој претседава со телото, посочи дека Општинскиот штаб за заштита и спасување има исклучително важна улога во превенцијата од пожари, особено во периодите кога ризикот од шумски и пожарите на отворено е зголемен.

–Анализата од пожарите од минатите години укажуваат на сериозноста и опасноста која со себе ја носат пожарите на отворено и бара будност од сите и преземање низа превентивни мерки кои се насочени кон намалување на веројатноста за настанување пожар и намалување на изложеноста и ранливоста на населението, објектите и инфраструктурата, навремена координација со сите надлежни институции, да се зајакне подготвеноста на противпожарните служби и да се преземат превентивни мерки со кои ќе се заштитат граѓаните, имотот и природата, истакна Гоцевски.

Гоцевски нагласи дека само преку заедничка работа со ТППЕ, јавните претпријатија и другите служби, се создава систем на навремена реакција, но истовремено се апелира и до граѓаните да бидат внимателни и одговорни и да се вклучуваат во акциите при гасење пожари.

На Состанокот беше потенцирано дека ефикасниот систем за превенција и рано предупредување претставува клучен елемент во намалувањето на последиците од пожари, особено шумските пожари кои на подрачјето на Делчево се карактеризираат со брзо ширење во ридско-планински услови. Раното откривање и навременото информирање овозможуваат побрза мобилизација на ресурсите, подобра координација и значително намалување на материјалните и еколошките штети.

Инаку, директните загуби од шумските пожари во периодот од 2004 година, па до 2025 година согласно со Годишните оперативни планови за заштита на шумите од пожари изработени од страна на ЈП НШ ПШС Голак – Делчево покажуваат дека во вкупно 109 шумски пожари опожарени се 4132,77 хектари шумски површини и изгорени се 316.257 м3 дрвна маса при што е причинета директна материјална штета од 2.641,800,693 денари. Но, штетата од пожарите во шумите не се мери само со директните штети врз дрвната маса- последиците се многукратни: од ерозија на земјиште до уништување на живиот свет и уништување на сите функции и привилегии кои ги има шумата.

Согласно со анализата од ЦУК Делчево, пожарите на отворен простор започнуваат во месец февруари и траат до октомври, а во периодот од 2012-2025 година има вкупно во евиденцијата на РЦУК – Делчево 384 пожари.

# Гоцевски: Меѓуопштинската соработка значајна алатка за надминување на предизвиците на општините

Актуелности





Зајакнувањето на меѓуопштинската соработка во локалната самоуправа беше тема на работилницата што се одржа во Скопје, а во организација на СИГМА и Министерството за локална самоуправа. Фокусот на сесиите беше ставен на развој на нови и унапредени механизми и политики за зајакнување на меѓуопштинската соработка, анализа на добри практики од национално и меѓународно ниво, како и разгледување можни измени и дополнувања на правната рамка, врз основа на досегашните искуства и идентификуваните предизвици.

На работилницата активно учествуваа и воведни обраќања имаа Златко Перински, министер за локална самоуправа, Игор Јанушев, генерален секретар на Влада, Беким Сали, министер за европски прашања, Душица Перишиќ, директор на ЗЕЛС, како и Баграт Тунјан, државен менаџер за Република Северна Македонија, раководител на тимот за стратешко планирање, развој на политики, OECD/SIGMA.

За градоначалникот Иван Гоцевски кој учествуваше на работилницата, меѓуопштинската соработка претставува сè позначајна алатка за надминување на ограничувањата во капацитетите, унапредување на квалитетот на услугите и обезбедување одржлив локален развој.

– Со оглед на тоа што локалните самоуправи се соочуваат со сè поголеми барања и сè поограничени ресурси, искуството и лидерството на градоначалниците, како и на квалификуваниот локален кадар, се од суштинско значење за идентификување практични применливи решенија. Меѓуопштинската соработка претставува важна алатка преку која општините можат заеднички да ги надминат ограничувањата во административните и финансиските капацитети, да реализираат заеднички проекти и да обезбедат поефикасни и поквалитетни услуги за граѓаните, нагласи Гоцевски.

Оваа работилница се организираше како дел од пошироката јавна консултација на Министесртвото со локалните самоуправи со цел да се обезбедат насоки за идните реформи и креирање политики во областа на меѓуопштинската соработка. Покрај презентациите на локалните национални и меѓународни искуства, настанот стави силен акцент на интерактивната дискусија за размена на искуства меѓу учесниците.

# Иницијатива- Играчи на кратки патеки

Актуелности



Општина Делчево започна со реализацијата на иницијативата „Играчи на кратки патеки“ која се базира на принципот „Think fast – Act fast“, односно мисли брзо делувај брзо и значи брзо размислување и уште побрза акција за решавање на локалните проблеми. Целта е преку кратки и интензивни активности да се создадат практични решенија, да се поттикнат микроиницијативи во заедницата и да се вклучат млади, активисти и институции во заедничка работа.

Оваа иницијатива, всушност, претставува третата фаза од Кампањата за да се исчисти Делчево-темелно, суштински и континуирано, но истовремено станува и дел од еден поширок концепт на брзи и конкретни акции за подобрување на заедницата.

Градоначалникот Гоцевски нагласи дека преку концептот „Играчите на кратки патеки“ се очекува да се појават нови идеи и брзи микроакции кои ќе дадат конкретни резултати за градот, но и ќе ја зајакнат културата на општествена одговорност и заедничка грижа за Делчево.

– Со подобрувањето на временските услови продолжуваме со нашата мисија за чист и уреден град. Во оваа фаза ќе се фокусираме, не само на јавните површини во градот, туку и на дивите депонии кои се пријавени од вас – граѓаните. Заедно го правиме Делчево почисто, поубаво и поодговорно место за живеење, истакна Гоцевски.

Во рамките на овој пристап продолжуваат активностите за уредување на дел од речното корито на реката Брегалница, како и со расчистување на кејот покрај реката и централното градско подрачје кај паркот во Ново Делчево. Паралелно, се расчистуваат повеќе мини депонии и запуштени места со наталожено ѓубре и обраснати грмушки. Истовремено, во паркот во Ново Делчево се засадија повеќе дрвја, како продолжение на акцијата за засадување нови садници и збогатување на зеленилото во градот.

Актуелности

# Повик за чистење на дивите депонии




Општина Делчево започна со голема акција за расчистување на дивите депонии. Екипи на ЈКП „Брегалница“ и лица ангажирани преку Програмата за јавни работи, граѓани ентузијасти- со механизација и рачно, ја започнаа акцијата за чистење на дивите депонии.  Првата акција беше спроведена на расчистување теренот околу тениското игралиште и влезот на градскиот стадион. Акцијата се реализираше со поддршка и на општествено одговорни компании и граѓани и покажа дека здружени заедно, граѓани, компании и институции можат во Делчево да промовираат вредности и да покажат со дела дека грижата за животната средина е приоритет на сите.

Како што најави градоначалникот Гоцевски- време е заеднички да ја исчистиме нашата околина и да и дадеме нов, чист почеток на природата.

–Дивите депонии не само што ја нагрдуваат околината, туку претставуваат и сериозна закана за здравјето на луѓето, почвата и водата. Затоа оваа акција е повик до сите – институции, организации и граѓани – да се вклучат и да придонесат за почиста средина, нагласи Гоцевски.

Општина Делчево ги повикува сите совесни граѓани да се приклучат, да пријавуваат диви депонии и да помогнат во нивно отстранување.

Само заедно можеме да направиме вистинска промена.Да ја дочекаме пролетта со чиста и здрава околина!

Пријави депонија на: info@delcevo.gov.mk// тел. +38933411550

# Општина Делчево започна со селекција на електричен и електронски отпад




Општина Делчево потпиша договор со колективниот постапувач „ЕЛ КОЛЕКТ“ за управување со опасен, електронски и електричен отпад. Во рамки на соработката, Општината доби 15 контејнери за мешан комунален отпад, како и 6 сета за селекција на електронски и електричен отпад (кабли, фенови, сијалици и мали апарати за домаќинство). Овие сетови се распределени во двете основни училишта, детската градинка и средното општинско училиште.

Од страна на ЕЛ КОЛЕКТ беше испорачан и еден екомагацин кој привремено е поставен во дворот на ЈКП „Брегалница“, сè до обезбедување на соодветна трајна локација. Дополнително, поставен е и собирен центар на локацијата на стариот градски пазар во Делчево.

Со цел да се поттикне селекцијата на електричниот отпад, се повикуваат граѓаните да го одложуваат во собирниот центар, каде што ќе има задолжено лице од ЈКП „Брегалница“. Контакт информации ќе бидат истакнати на самиот центар. Во викенд деновите, граѓаните ќе можат отпадот да го оставаат покрај собирниот центар, по што задолженото лице дополнително ќе го внесе и соодветно ќе го одложи во самиот центар.

Актуелности

Актуелности

# Во Делчево ќе се поставуваат вендинг-машини



Градоначалникот Иван Гоцевски го потпиша Договорот за соработка со Друштвото за управување со пакување и отпад од пакување ПАКОМАК со кој и се официјализираше меѓусебната соработка околу проектот од јавен интерес „Паметно управување со отпад од пакување во Македонија, фаза 2“.

Градоначалникот Гоцевски посочи дека со потпишувањето на овој Договор, Општина Делчево го започнува процесот за поставување вендинг-машини за собирање пластични шишиња и алуминиумски лименки и, конкретно, ги поттикнува навиките кај населението за селектирано собирање на отпадот од пакување и негово рециклирање, како и подигнување на еколошката свест за бенефитите од селекцијата и рециклирањето во насока на заштитата и унапредувањето на животната средина.

–Ова не е само проект, туку чекор напред кон промена на свеста и навиките. Заедно, создаваме систем преку кој нашите сограѓани ќе имаат можност активно да учествуваат во селектирање и рециклирање на отпадот придонесувајќи за почиста и поздрава животна средина. Ќе продолжиме со вакви иницијативи кои носат реални придобивки за граѓаните и ја подигнуваат еколошката свест. Нашата цел е јасна а таа е чиста општина, одговорни граѓани и одржлива иднина , нагласи Гоцевски.

При користењето на повратните вендинг-машини од страна на корисниците, за секое поединечно користење се акумулираат „зелени поени“ на мобилна апликација, која корисниците може да ја користат за вредносни ваучери за купување производи.Еден зелен поен-кој се однесува на едно пет-шише или една лименка има парична вредност од 0,5 денари.

Инаку, на последната Седница на Советот беше донесена Одлуката со која Општина Делчево донира на ПАКОМАК ДОО Скопје 100.000,оо денари, како поддршка на Проектот од јавен интерес „Паметно управување со отпад од пакување во Македонија, фаза 2”со цел поддршка и вклучување на Општина Делчево во проектот од јавен интерес.

# Голема акција за пошумување



Во Делчево во тек е големата акција за пошумување и хортикултурно уредување на градот. Акцијата започна со засадување садници од липи кои ќе ја вратат миризбата од минатото и ќе нè потсети на градот кој беше познат по ова раскошно дрво.

Во акцијата за пошумување и хортикултурно уредување на градот во која се активно вклучени екипи на ЈКП „Брегалница“, ангажирани лица од Програмата за изведување јавни работи за 2026 г., но и граѓани ентузијасти и донатори на садници, ќе се засадат 200 липи. Дрворед од липи ќе никне по должината на бул „Македонија“ од бензиската пумпа до градските семафори и во градскиот парк АСНОМ. Садници ќе се засадат и покрај тениското игралиште во Делчево.

Градоначалникот Гоцевски нагласи дека липата е симбол на мирот, слогата и љубовта и порака дека сакаме општина во која ќе владеат разбирање почит и грижа едни за други.

-Липите нема да бидат само украс на градот, туку и порака дека грижата за животната средина е наша заедничка одговорност, а секое засадено дрво значи почист воздух, повеќе зеленило и поздрав живот. Во таа смисла во акцијата за пошумување и хортикултурно уредување се планира да се засадат околу 1000 садници. Освен липи, ќе се засадат јавор, јасен, костени и туи на јавните површини во градот, но и во дворните места на локалните институции. Нека овие садници растат со нашиот град, како сведоци за нашата грижа, визија и љубов кон нашето Делчево, истакна Гоцевски.

Садниците се донација од општествено одговорни компании и лични донации од пријатели на Делчево.

Актуелности

Актуелности

# Утврдени општинските стипендисти

Комисијата за доделување ученички стипендии ја утврди листата на ученици и студенти кои ќе добиваат стипендии за учебната 2025/2026 година, согласно со конкурсите за доделување ученички стипендии на одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо“ и студентски стипендии на студенти од Делчево кои студираат на државните факултети во РСМ.

Општина Делчево годинава доделува 19 стипендии за средношколци во три категории и 4 стипендии за студенти во две категории. Стипендиите се неповратни и ќе се исплаќаат за период од девет месеци започнувајќи од јануари 2026 г. Висината на стипендијата зависи од категоријата на која аплицира средношколецот, односно 2 000 ден месечно за првата категорија и 2.500 денари месечно за втората, додека стипендијата за ученик со попреченост ќе изнесува 2 000 ден. Висината на стипендиите за студенти изнесува 2.500 денари месечно за првата категорија и 4.000 денари месечно за втората категорија.

**Прва категорија на стипендии добија учениците:**

1. Ива Анакиевска 90 бодови (4 година)
2. Матеј Атанасовски 85 бодови (2 година)
3. Моника Поповска 80 бодови (3 година)
4. Марија Јанковска 80 бодови (3 година)
5. Михаил Ивановски 80 бодови (3 година)
6. Христијан Стаменковски 79,5 бодови (3 година)
7. Сара Тодоровска 40 бодови (4 година)
8. Стефанија Тодоровска 39,5 бодови (3 година)
9. Кирчо Цветковски Сребров 35 бодови (2 година)
10. Евгенија Стоичовска 35 бодови (3 година)

**Втора категорија стипендии добија учениците:**

1. Анастасија Петровска 125 бодови (2 година)
2. Теона Атанасовска 118 бодови (4 година)
3. Сара Петровска 105 бодови (4 година)
4. Филип Станоевски 95 бодови (3 година)
5. Ана Ивановска 70 бодови (3 година)
6. Ивана Дамјановска 70 бодови (4 година)
7. Леонтина Вирчанска 70 бодови (3 година)
8. Ана Димитровска 70 бодови (3 година)

**Студентски стипендии**

Во прва категорија:

1. Ерика Стоименовска- студентка на Медицински факултет – Општа медицина на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ – Скопје

Во втора категорија

1.Гоце Аџиски- студент на Градежен факултет – Студиска програма Геодезија), Универзитет ‘‘Св.Кирил и Методиј‘‘ во Скопје.

2. Фросина Јовановска-студентка на Факултет за медицински науки – Општа медицина на Универзитет ‘‘Гоце Делчев‘‘ – Штип.

Актуелности

# Се гради парк во чест на Илчо Гоцевски








Делчево се сеќава и оддава почит на својот сограѓанин Илчо Гоцевски, возач во ИМП во Кочани, кој утрото на 16 март беше на првата борбена линија за спас на животите на повредените млади од дискотеката „Пулс“. По 40-часовната напорна и трауматична работа, тој почина еден ден по трагедијата, на 17 март, во својот дом.

Гоцевски возел 11 пати за Клиничкот центар за Скопје и помагал и во пронаоѓање и препознавање на повредените деца. Неговата пожртвуваност е симбол на хуманоста и наша обврска да го чуваме споменот на неговото дело, како сведоштво на „херојот од нашето маало“- кој спасувал животи, а неговото име да остане запаметено како потсетник за вредностите кои ги носеше, хуманост, професионализам, пожртвуваност.

Во негова чест, на влезот на ИМП во Делчево се постави спомен-плоча, а во дворот на Здравствениот дом се подготвува парк кој ќе го носи неговото име и ќе сведочи и за идните генерации за пожртвуваноста и професионалноста во борбата да се спаси живот повеќе.

-Паркот е симбол на благодарност и почит кон неговата хуманост. Со подигнувањето на овој парк, Делчево испраќа порака дека вистинските херои се луѓето кои со својата добрина и професионалност оставаат траен белег во општеството. Во паркот ќе има неколку содржини, а ќе се засадат и садници и цвеќиња, а ќе биде поставена и урбана опрема, порача градоначалникот Иван Гоцевски.

Во акцијата се вклучија и ученици од основните училишта кои испратија и свои пораки за најголемата трагедија во Македонија во поновата историја во која загинаа 63 млади луѓе.

Актуелности

# Средба со земјоделците од Град и Тработивиште



Во рамките на кампањата што ја реализира МЗШВ, „Гласот што го слушаме – македонско најдобро", претставници од Министерството и градоначалникот Гоцевски одржаа средба со земјоделците од Град и Тработивиште на која се разговараше за реалните предизвици со коишто се соочуваат земјоделците.

На средбата присуствуваа Ромео Тренов од Управата за водостопанство и Оливер Ивановски од Државната фитосанитарна лабораторија кои, меѓу другото, ги нагласија и презентираа и политиките и мерките за поддршка на македонското земјоделство на Владата со цел да се создадат услови во кои земјоделците ќе можат да инвестираат и да го развиваат своето производство.

Како што истакна градоначалникот Гоцевски, поддршката на земјоделците, значи поддршка во локалната економија, на руралните средини и на иднината на нашата општина.



# Акција „Недела на селата“

Актуелности



Месните заедници од Драмче, Селник, Очипала и Вратиславци се здружија и во заедничка акција го чистеа патниот правец Очипала – Драмче – Вратиславци – Селник.
Акцијата беше масовно поддржана од жителите, бидејќи пред нив беше предизвикот да се исчисти локалниот пат кој цели две децении беше оставен на негрижа и запоставување и создаваше реални проблеми на жителите од селата.
За градоначалникот Гоцевски оваа акција е вистински пример за заедништво, грижа и љубов кон својата околина – пример што треба да се пофали, но и да се следи.
–Нивниот пример е во насока на тоа како да придонесеме сите за почиста, поубава и поуредена средина, но и на дело се покажа значењето на месните заедници како активно тело од жителите и иницијатор за решавање приоритетни потреби на жителите, порача Гоцевски.
Тој најави дека преку новиот проект „Недела на селата“, отпочнаа и активности за пробивање на неколку селски патишта во село Полето. Со оваа иницијатива директно се одговара на потребите на жителите и на земјоделците и се овозможува подобар пристап до домовите и нивите, полесна работа и подобри услови за живот во руралните средини.
–Инвестициите во селата се инвестиции во иднината – затоа што силното село значи силна општина и силна држава. Продолжуваме посветено да работиме на развојот на секое населено место и да создаваме подобри услови за сите граѓани, порача Гоцевски.

Актуелности

# Дефинирана првата Програма за активности на месните и урбаните заедници



Претседателите на месните и урбаните заедници ја дефинираа првата Предлог-програма за активностите на месните и урбаните заедници на територијата на Општина Делчево за 2026 г која на следната Седница на Советот на Општина Делчево ќе се даде на усвојување.

Во оваа Предлог-програма се дефинираат повеќе приоритети кои треба да придонесат за унапредување во повеќе области:

-комунални дејности (снабдување со вода за одведувањето на отпадните води, одржување на хигиената на зеленилото, изградба и одржување на патната мрежа, уредувањето и одржувањето на гробиштата во селата);
-заштита на животната средина (заштита од загадување на водата,воздухот и почвата, заштита од прекумерна бучава и др);
-урбанистичко уредување на просторот;
-јавниот превоз на патници;
-образованието, здравство и социјална заштита;
-културни, забавни и спортски манифестации и одржување на објектите од јавен интрес;
-развивање на добрососедските односи;
-снабдување со стоки и услуги, како и заштита на потрошувачите;
-други прашања од секодневно значење за животот и работата на граѓаните;

На состанокот на кој присуствуваа претседатели и членови на советите на месните и урбаните заедници, присуствуваше и градоначалникот Иван Гоцевски кој посочи дека со еден транспарентен и инклузивен процес, Општина Делчево ја изработи првата програма која претставува рамка во која се предвидуваат активностите, целите и обврските на овие тела и на Општина Делчево.

Актуелности

# Денови на пијанечкиот мед-Ученици учеа за значењето на пчеларството



Ученици од ООУ „Ванчо Прке“ од искусни пчелари од Делчево учеа за значењето и улогата на пчеларството, но и за медот произведен од делчевските ливади и шуми како здрава храна.

Настанот е дел од активностите на Здружението „Пијанечка пчела 2“, а во рамките на Деновите на пијанечкиот мед кој се спроведува под мотото „Јади го медот како храна за да не го јадеш како лек“, а сите ученици добија по една тегличка со пијанечки мед.

На настанот присуствуваше и градоначалникот Иван Гоцевски кој посочи дека востановувањето на оваа манифестација е во насока на зачувување на пчеларската традиција и на подигањето на свеста за значењето на пчеларството во руралниот развој нашето Делчево и регионот.

-Затоа, Општина Делчево даде поддршка за реализација на овој проект кој е во насока на промоција на пијанечкиот мед во општината и надвор од неа. Општина Делчево ќе продолжи да ги поддржува пчеларите преку мерки и активности што ќе овозможат подобри услови за работа, едукација и пласман на домашните производи. Вложувањето во пчеларството е вложување во здрава и сигурна иднина, нагласи Гоцевски.

Како што нагласи претседателот на Здружението, Јованчо Медарски, предавања за пчеларството и за пијанечкиот мед ќе се одржат во сите образовни институции, а саемот на медот ќе се одржи пред велигденските празници.

Актуелности

# Одбележан Денот на водата




Со кратки предавања, експерименти и изложба на ликовни дела со тема-Ден на водата-СОУ „М.М.Брицо“ во соработка со основните училишта „Ванчо Прке“ „Св. Климент Охридски“ Делчево ги покажаа своите знаења за природните науки, но и го афирмираа значењето на водата како еден од најважните ресурси, а по повод Светскиот ден на водата.

Проектот има за цел да ја поттикне соработката меѓу училиштата и да ја подигне еколошката свест кај учениците за значењето и заштитата на водата како еден од најважните природни ресурси, а активно беа вклучени ученици од природно-математичката насока и учениците кои освоиле награди или покажуваат голем интерес за природните науки: билогија, хемија, физика, географија.

Во рамки на активностите за одбележување на Денот на водата по предметот Природни науки, учениците од V одделение ја посетија пречистителната станица за вода во с. Трабoтивиште. Учениците се запознаа со процесот на филтрирање, пречистување, третирање и дистрибуција на водата за пиење од брана Лошана и бунарите до нивните домови.

Актуелности

# Жените од Делчево порачаа: Еднакви можности секој ден



Со засадување цвеќиња пред Спомен-домот АСНОМ, КЕМ на Општина Делчево ја започна кампањата „Еднакви можности секој ден“ по повод Меѓународниот ден на жената, 8 Март. На настанот активно учествуваа членки на КЕМ и координаторките за ЕМ од Општина Делчево, работнички, советнички, раководителки, претставнички на граѓанскиот сектор и на месните и урбаните заедници, а во акцијата се вклучи и градоначалникот на Општина Делчево, Иван Гоцевски.

Сите заедно испратија порака дека *8 Март- не е само ден за честитки, туку потсетник дека еднаквите можности се темел на праведно и силно општество*!

Целта на кампањата е да се испрати јасна порака дека родовата еднаквост не е само тема по повод Меѓународниот ден на жената, 8 Март, туку вредност што треба да се живее и применува секојдневно- во институциите, на работното место, во образованието и во семејството порача претседателката на КЕМ Адријана Илиевска-Велковски.

– Еднаквоста не е само прилвилегија, туку право. И таа се практикува, не еден ден туку секој ден. Улогата на жените во ова општество е огромна и можеме да се пофалиме дека во Делчево жените имаат значајно учество во системот. На жената треба да ѝ се даде глас, да ѝ се даде можност, жената може и знае, нагласи Илиевска-Велковски.

Координаторката за ЕМ, Сузана Петровска истакна дека најмногу иритира рамнодушноста и молчењето на жените и дека жените треба да се активни двигатели во општеството.

– Оддаваме длабока почит кон сите жени кои низ историјата и во современието кои се бореле и се борат за она што сме денес и за сите резултати што ги бележиме кога еднаквите можности се во прашање. Даваме завет дека ќе продолжиме со нашата борба за решавање на проблемите кои ги имаат жените денес, бидејќи секојдневно сме сведоци на фемицид и живот со насилство, говор на омраза, заклучи Петровска.

Градоначалникот Иван Гоцевски даде поддршка на кампањата и посочи дека со денешната акција на засадување цвеќиња- зборуваме за еден поинаков 8 Март..

-Со акцијата, оваа група амбициозни и посветени жени испраќаат силна порака дека секоја промена започнува со мал, но искрен чекор. Секој засаден цвет е симбол на нов почеток, на надеж и верба во подобра иднина. Жените се двигател на позитивните промени во нашата заедница-како мајки, професионалки, активистки и лидерки. Денешната иницијатива покажува дека, кога жените се здружени околу заедничка цел, резултатите се видливи и трајни. Продолжуваме да ги почитуваме вистинските вредности и да градиме еднакви можности секој ден за сите, порача Гоцевски.

Во рамките на акцијата и во соработка со Организација ЖЕНА, денеска беа поделени флаери за значењето на еднаквите можности во едно здраво општество, а се подготвува и трибина за родово базирано насилство.

Инаку, во Делчево се зголемува бројот на жени кои се на одговорни функции, па има 9 жени директорки или раководителки, командирка на полиција, за прв пат во Делчево имаме 6 советнички, 3 жени претседателки и 15 жени членки на советите на месните и урбаните заедници, а функцијата заменик-градоначалник е во рацете на жена.

# Градоначалникот Гоцевски организираше ифтарска вечера




Градоначалникот на Општина Делчево Иван Гоцевски организираше ифтарска вечера по повод светиот месец Рамазан за верници од муслиманска вероисповед во Делчево.

По тој повод Гоцевски упати порака за почит, солидарност и заедништво и за почитување на вредностите кои секогаш биле водилки во нашата заедница.

-Нашата општина секогаш била пример за соживот и почитување на различностите. Заедно сме и во болка и во радост и во сите периоди од развојот на Делчево, како заедница сме чекореле заедно, сме граделе мостови со почит и доверба. Затоа особено ме радуваат ваквите средби и споделувањето на размислувањата и молитвите кои дополнително ја зацврстуваат довербата и традицијата. Ако ифтарот е симбол на трпение, благодарност и споделување со другите, тогаш нека ни биде светол пример во нашите заеднички напори – да продолжиме да градиме заедница во која почитта и хуманоста се темел на секое наше дело, нагласи Гоцевски.

Инаку, Рамазан е 9-от  месец од Хиџретскиот календар, месецот во кој е спуштен Куранот-Светиот Аллахов говор, објавен на Мухаммед синот на Абдуллах Последниот Божји Пратеник. Во месецот Рамазан е пропишан пост за секој возрасен и здрав муслиман. Постот се состои во воздржување од јадење и пиење во текот на денот, во период од 29 или 30 дена, односно во текот на целиот месец Рамазан.

Актуелности

Актуелности

# Одбележан виолитовиот ден-Денот на лицата со епилепсија





По повод 26 Март,
Денот на лицата со епилепсија, а со цел подигнување на јавната свест, намалување на стигмата и унапредување на разбирањето за оваа состојба, ОО на Црвениот крст Делчево во соработка со Здравствениот дом и СОУ „М.М.Брицо“ организираа настан посветен на поддршка и информирање на граѓаните.
Настанот се одржи во Конгресната сала на СОУ „М.М.Брицо“ Делчево и опфати едукативни активности, стручни обраќања, како и можност за запознавање со постапките за укажување прва помош при епилептичен напад. Свои стручни излагања имаа : д-р Билјана Ѓеоргиевска, спец.по психијатрија, д-р Љупка Калаџиска, спец. по педијатрија и д-р Даниела Цветковска, спец.по неврологија.
Настанот го отвори градоначалникот Иван Гоцевски кој посочи дека ваков настан се одржува за прв пат во Делчево, а по повод Светскиот ден на лицата со епилепсија, познат како –**виолетов ден** и ја симболизира солидарноста, поддршката и разбирањето.

Актуелности

# Потпишан Меморандум за соработка со ДПД „Волонтер“ од Делчево



Општина Делчево потпиша Меморандум за соработка со Доброволното противпожарно друштво „Волонтер“ од Делчево. Со Меморандумот се предвидува континуирана соработка, заеднички активности и конкретни мерки за подобрување на безбедноста на граѓаните, а Општината ќе помага и логистички и технички со цел да се обезбеди уште поголема ефикасност на терен.

За градоначалникот Гоцевски потпишувањето на овој документ значи зајакнување на заедничката подготвеност и координацијата во справувањето со пожари и други елементарни непогоди.

Доброволните противпожарни друштва имаат исклучително значајна улога за безбедноста на заедницата, особено во помалите општини и претставуваат дополнителна сила и поддршка на професионалните пожарникари во заштита на животот, имотот и природата. Доброволните противпожарни друштва се симбол на хуманост, пожртвуваност и заедништво, бидејќи нивните членови доброволно го вложуваат своето време и знаење за заштита на заедницата.

Култура

# Јавна трибина:„Не молчи твојот глас може да прекине насилство“



Под мотото „Не молчи-твојот глас може да прекине насилство“, во Делчево се одржа Јавна трибина на која говореа претставници од граѓанскиот сектор, од надлежните институции за постапување во случаи на семејно насилство, но и граѓанки присутни на трибината. Целта на овој настан беше да се говори гласно за овој проблем со цел да се прекине насилство, да се препознае и да се научи каде и како да се побара помош, но и за улогата на институциите и на заедницата.

Црната статистика и фемицидот го уклучува алармот во јавноста и затоа е потребно сите да говориме гласно за да се подигне свеста кај граѓаните, но и кај институциите, порача Анита Цоневска, директорка на Организација Жена.

–Како заедница, секоја година посветено ја отвораме темата за родово базирано насилство и трагаме по одговори, ги детектираме бариерите и зборуваме за животот на жртвите и нивната иднина надвор од рацете на насилникот. Но, цениме дека не сме говореле доволно гласно, дека треба многу повеќе, дека треба конкретни активности од сите нас, промени во однесувањето, да ја вратиме емпатијата и како граѓани и како претставници на институции. Треба да делуваме, да препознаваме, да не вртиме глава на другата страна со коментар-тоа е нивна семејна работа, порача Цоневска.

Јавната трибина беше во организација на Организација ЖЕНА, а со поддршка на „Хера“, „ЕУ за тебе“, Коалицијата „Маргини“ и во соработка со КЕМ и Општина Делчево.

Актуелности

# Тактичко-показна вежба на ТППЕ во СОУ „М.М.Брицо“




Во СОУ „Методи Митевски-Брицо“ се одржа тактичко-показна вежба на ТППЕ Делчево исценирана со симулација на пожар во спортската сала и евакуација на повредени лица од зградата на училиштето.

По дојавата за пожар во училиштето, ТППЕ Делчево реагираше со 13 пожарникари, со три противпожарни возила и со професионална скала за противпожарни интервенции на високи објекти, при што беше изгаснат пожарот, евакуирани децата и вработените во училиштето, а беше извлечено и повредено лице од објектот. Во акцијата учествуваа и волонтерите од ОО на Црвениот крст Делчево и екипа на Итната медицинска служба.

Овие вежби се редовна практика на ТППЕ Делчево и се изведуваат со цел да се види подготвеноста и физичка и психичка на пожарникарите во услови на појава на пожар во објектите на институциите во градот, да се провери исправноста на опремата, но и да се провери почитувањето на протоколите за безбедност во училиштето.

Култура

# Министерот за култура и туризам Љутков, во посета на Разловци и Делчево




Министерот за култура и туризам Зоран Љутков беше во посета на Разловци, каде што заедно со стручната екипа од Националниот конзерваторски центар изврши увид во активностите за непосредна заштита на Спомен-домот „Разловечко востание“, еден од најзначајните симболи на отпорот на македонскиот народ за слобода.

-Денеска сум во Разловци, каде што заедно со стручната екипа од Националниот конзерваторски центар извршивме увид во конзерваторско-реставраторските работи за непосредна заштита на еден од најзначајните симболи на отпорот на македонскиот народ за слобода, Спомен-домот на Разловечкото востание. Оваа година, на 20 мај, одбележуваме 150 години од Разловечкото востание, јубилеј кој нè обврзува со уште поголема посветеност да го зачуваме и достоинствено да го претставиме нашето културно-историско наследство, рече Љутков.

Во рамките на целосната обнова на Спомен-домот, кој со години беше оставен на забот на времето, се изврши ревидирање на постојниот Основен проект за конзервација и реставрација, негово прогласување за културно наследство, како и непосредна заштита, која е во завршна фаза.

Паралелно се работи и на поставување нова музејска поставка која на автентичен и едукативен начин ќе ја раскаже приказната за востанието, за храброста, жртвата и значењето на македонскиот отпор. Вкупната вредност на проектот изнесува околу 21 милион денари.

Изведувач на работите е „Изградба комерц“, а Министерството за култура и туризам внимателно го следи процесот со цел да се обезбеди квалитетна и навремена реализација. Целта на проектот е овој простор повторно да стане живо сведоштво за историјата и место кое ќе ги инспирира идните генерации.

Култура

# Делчево добива туристички културно-информативен центар



Во најфреквентниот дел од градот, кај градското кино во Делчево, официјално започнува со работа новиот Туристички културно-информативен центар – проект кој има за цел да ги обедини и афирмира туристичките и културните потенцијали на Општината на едно место.

Како што соопшти градоначалникот на Делчево, Иван Гоцевски, центарот претставува значаен чекор кон зголемен локален економски развој и подигање на препознатливоста на општината на локално, регионално, национално и меѓународно ниво.

Проектот е реализиран од Општина Делчево во соработка со НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ и Министерство за дигитална трансформација, со цел воспоставување репрезентативна база на туристички потенцијали. Овие потенцијали ќе бидат структурирани во атрактивни туристички производи достапни за домашни и меѓународни тур-оператори.

Во рамки на центарот ќе функционира и современа дигитална платформа за промоција на општината, како и продукција на бројни промотивни материјали и активности насочени кон пошироката јавност.

Покрај туристичката промоција, центарот ќе биде и инфоточка за локалните уметници, изработувачи на ракотворби, музичари и културни изведувачи – место кое ќе стане центар на гравитација за сè она што Делчево го нуди како автентична, гостопримлива и креативна средина.

Со овој проект, Делчево добива ново, репрезентативно катче кое ќе ги отвори вратите кон светот и ќе ги претстави вредностите што го прават градот препознатлив и привлечен за посетителите.

Култура

# Промоција на „Ехото на дамарите на пијанчани-Копачката“ во Метаноја во Скопје




Здружението фолклорна група „Копачка“ село Драмче, Делчево, во соработка со Балканскиот институт за вера и култура и со галеријата „Метаноја“ Скопје организираше промоција на книгата „Ехото на дамарите на пијанчани – Копачката“ од Перса Стојановска.

Монографијата е дело на Перса Стојановска и таа го отсликува, процесот на впишувањето во УНЕСКО. Неговата одржливост преку најразличните проекти во текот на првите десет години од впишувањето, постигнатите резултати, но и ги потенцира предизвиците и потребите, за решавање приоритетни прашања.

Промотор на монографијата ќе биде проф. д-р Велика Стојкова-Серафимовска, етномузиколог, а на присутните ќе им обратат проф. д-р Мирјана Мирчевска, директорката на „Метаноја“ м-р Нада Милкова и д-р Коста Милков, претседател на Балканскиот институт за вера и култура.

Професор д-р Велика Стојкова-Серафимовска, која е воедно и стручен соработник на делото, забележува: Монографијата „ЕХОТО НА ДАМАРИТЕ НА ПИЈАНЧАНИ-КОПАЧКАТА- 10 години од впишувањето на Копачката во УНЕСКО“ не е само монографија на активностите на групата „Копачка“ во изминативе десет години. Оваа книга е продолжување на една вековна приказна, на една силна традиција вкоренета во душата на Пијанчани која се пренесува преку ритамот на тапаните и чекорите на Копачката кои живеат длабоко во сите нас. Наше, а светско, орото „Копачка“ не е само оро, тоа е аманет и тенка нитка која нè поврзува со нашите предци“.

На промоцијата, играорците од Драмче ги претставија и женската и машката изведба на „Копачката“, а автентичниот израз отсликан преку носиите на уметниците, ќе биде надополнет со пијанечки афтохтони етноелементи на живеењето во овој крај, подредени во изложбениот простор на Галеријата „Метаноја“.

Орото „Копачка“ е единственото оро од Македонија, впишано во УНЕСКО – Репрезентативна листа за нематеријални културни наследства на човештвото, на 27.11.2014 година во Париз. Фолклорната група „Копачка“ од село Драмче, Делчево е единствениот носител – практичар на ова наше национално и светско културно наследство на УНЕСКО.

Култура

# „Жени, книги, спомени“-настан по повод 8 Март во ЈЛБ „Илинден“



По повод 8 Март, Денот на жената, ЈЛБ „Илинден“ организираше дружење со своите читателки пензионерки. Дружењето беше исполнето со книги, разговори и спомени. Под мотото „Жени, книги и спомени“ , се споделуваа искуства, идеи и ставови за силата на жената низ времето, на приказните што ги носиме во себе и на љубовта кон читањето која нè поврзува со генерации. Се споделуваа животни приказни, разговори во пријатна атмосфера, затоа што библиотеката е место каде секоја приказна има вредност, а секоја жена е приказна сама за себе.

# Промоција на монографијата „Трагична несреќа или атентат“ од Славчо Десподов

Култура



Во ЈЛБ „Илинден“ – Делчево, беше промовирана монографијата „Трагична несреќа или атентат“, дело на роднокрајниот автор Славчо Десподов. На промоцијата беше истакнато дека ова дело е многу повеќе од обично пишано сведоштво. Таа е плод на истражување, посветеност и искрени желби да се осветлат настани и прашања кои долго време предизвикуваат интерес, размислување и различни толкувања. Со тоа дело, авторот остава значаен траг во публицистиката и во нашата културна меморија.

Промотор на монографијата беше Сотир Костов, главен истражител на авионската несреќа кај Мостар. Промотрот и авторот, пред присутните во читалната на библиотеката, зборуваа за истражувањето и за пораките што авторот и промоторот сакаа да ги споделат.

## Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk



**Издава: Општина Делчево**

**Уредник: Даниела Такева**

**Техничка обработка: Влатко Мицевски**

**Соработник: Благица Петровска**

**Фотографија: Општина Делчево**

**Лектор: Даниела Такева**


**„ИНФО ДЕЛЧЕВО“ на веб:**
**delcevo.gov.mk**